# **Трет говор против Филип** од Демостен

Во 357 год. пр. н.е. градот Атина стапува во војна со Античка Македонија, а во тоа време на чело на македонската војска бил Филип Втори Македонски. Филип Втори ги освоил повеќето хеленски градови-држави и ги потчинил под македонска власт. Хеленскиот говорник Демостен бил жесток противник на Филип Втори Македонски и против него напишал говори познати под називот *Филипики*. Демостен во својот *Трет говор против Филип* остро ги нападнал неговите планови да стане владетел на цела Хелада и пошироко.

Демостен овој говор го одржал во атинското Собрание и пред сите претставници Атињани.

Еве еден извадок од неговиот остар говор против Филип:

*„...И сите неправди, нанесени од Спартанците во текот на оние 30 години и од нашите предци за 70 години, се помалку, мажи Атињани, од она што Филип во текот на цели 13 години, колку што е тој на врвот, им го сторил на Хелените...ни Хелада, ни земјата барбарска не ја задоволува желбата на тој човек за што повеќе...“*

*„...А и ова знајте го, мажи Атињани: Што и да трпеле Хелените од Спартанците или од нас Атињани, трпеле од такви што биле род роден од Хелада, а тоа му доаѓа некако исто, како ако некој син прав, а роден во богат дом, нешто не го води домаќинлакот како што треба, па според тоа заслужува укор и приговор, но не може да се рече дека тоа го правел како некој што не е близок и наследник на сето тоа. Но, ако роб или подметнат син го уништи тоа што не му припаѓа, и го растури, жими Херакле, колку пострашно и позаслужно за гнев би рекле сите дека е. Но, Филип и она што ни го прави на нас Хелените, не само што не е Хелен по род, ниту нешто близок на Хелените, туку е барбарин од земја за која ништо убаво не би можел да кажеш и е чума македонска од каде човек ни роб вреден не би купил.“*



Филип II Македонски



Демостен

**Одговори на следните прашања:**

1. Дали говорот на Демостен е политички, судски или свечен?

2. Атињаните и Спартанците се браќа по род, Хелени, но воделе долгогодишни војни меѓу себе. Дали и Филип Втори според Демостен, бил Хелен?

3. Демостен го навредува Филип велејќи дека бил „барбарин“. Знаеш ли што значи тоа?

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
CC BY NC ND